**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петнаесеттото продолжение на Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 јули 2002 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала број 1, со почеток во 15,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Томислав Стојановски потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Минуваме на точка 7 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за утврдување и наплата на јавните приходи, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по предлогот за донесување на закон, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за утврдување и наплата на јавните приходи.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници, 43 за, воздржани 15 против 1.

Во моментот на гласање во салата имало недоволен број на гласови.

Ги повикувам колегите пратеници да се вратат во салата за да извршиме повторно гласање.

Ги молам колегите што се надвор, да влезат во салата. Молам, уште еднаш службите да извршат пребројување на присутните пратеници во салата. Господа никој нема ни повеќе, ни помалку право да се нервира за било кој од нас. Не исполнуваме минимум услови за работа. Сега сме 57 пратеници присутни во салата. Очигледно некои сакаат да дојдат и да си одат.

Затоа ја прекинувам седницата и по писмен пат ќе бидете известени за продолжението во среда.

(Седницата прекина во 16,00 часот.)